**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310- 10
Бр.на постапка 48799
од 06.11.2023 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-10 од 18.01.2023 година од страна на Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, за одобрување на проектна програма за изработка на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отоврени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 1221/1, КП 1214 и дел од КП 1216/2, КО Башино Село, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-10 и со број на постапка 48799 од 18.01.2023 година, изработена од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, за изработка на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Оtоврени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 1221/1, КП 1214 и дел од КП 1216/2, КО Башино Село.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел, поднесе барање за одобрување на проектна програма со број 0801-15/23 од Октомври 2023 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отоврени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 1221/1, КП 1214 и дел од КП 1216/2, КО Башино Село. Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма со бр.0801-203/22 од 18.01.2023 година,
2. Проектна програма со техн бр.0801-15/23 од Октомври 2023 година, УП број 1310-10 и со број на постапка 48799 од 18.01.2023 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y15616 од Ноември 2016 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 776/2016 од 16.12.2016 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-2232/1 од 05.05.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), за што до Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-10 од 24.10.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**

Marko Kolev
Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2023.11.08 09:09:04 +01'00'